# Соопштение за медиумите

**27.06.2012, Скопје**

## KupiKniga.mk – сите книги на едно место!

KupiKniga.mk е првата интернет книжарница во Македонија. Основана е со цел книгите да станат лесно достапни на сите љубители на пишаниот збор кои на едно место можат да ги најдат **сите** книги од **сите** издавачи од Македонија и регионот.

Поради неможноста да се купат омилените наслови, особено во внатрешноста на Македонија, беше согледана реалната потреба од ваков портал. КупиКнига работи на зголемување на културата на читање, како и на промоција на македонските изданија и писатели.

Купувањето на KupiKniga.mk е сигурно, едноставно и со поволни цени. Купувачите ги избираат омилените книги,  плаќаат преку интернет со платежна картичка, и книгите им се испорачуваат до дома.

На KupiKniga.mk во овој момент на едно место можат да се најдат **повеќе од 10.000 наслови** од преку 500 издавачи од регионот и од странство. Книгите се на македонски, српски, албански и англиски јазик, распоредени во 92 категории, од повеќе од 6.000 автори.

Пред една недела започната е и регионалната експанзија, односно за прв пат македонските читатели имаат пристап до неколку илјади квалитетни наслови од српски издавачи, изданија од најчитани и најактуелни светски автори.

KupiKniga.mk за помалку од 3 месеци има **167.000 прегледи** на нашиот веб-портал од целиот свет. Најголем дел од купувачите се од Македонија, но и од регионот, како и од Македонци од САД, Канада, Австралија.

КупиКнига во моментов има повеќе од 1500 верни читатели, како и 1800 фанови на нашата официјална facebook страна (https://www.facebook.com/KupiKniga)

(Позади KupiKniga.mk стои македонската софтверска компанија iVote, која е регионален лидер во софтвер за државни изборни комисии и специјализирана за развој на сигурни интернет решенија.)

За дополнителни информации обратете се на *elena.josifoska@ivote.mk*, 072 214464